РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ
7.9.2023 год.

Република Северна Македонија
Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Архитектонски факултет-Скопје
03 Бр. 224/22
7.9. 20 23 год.

Постапувајќи по поднесениот приговор од страна на кандидатот со број на електронска пријава – **107329**, со архивски бр. 03-224/16 од 7.9.2023 година, пријавен на Конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии на студиските програми на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во учебната 2023/2024 година во првиот уписен рок, Конкурсната комисија се состана на 7.9.2023 година и согласно своите надлежности ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

I. Поднесениот приговор од страна на кандидатот со број на електронска пријава – **107329** и архивски бр. 03-224/16 од 7.9.2023 година, **СЕ ОДБИВА КАКО - НЕОСНОВАН**.

II. Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение:**

По направениот увид во пресметаните поени од успехот од средното образование и освоените поени на тестот за утврдување на склоност за студирање архитектура, Конкурсната комисија утврди дека НЕМА пропусти или технички грешки.

При конкурирањето на Архитектонскиот факултет кандидатите може да освојат најмногу 100 поени, каде успехот од средното образование учествува со 60%, а успехот постигнат на тестот за склоност за студирање архитектура учествува со 40%. Пресметката на бодовите од успехот во средното образование се врши на следниов начин: **бодовите од успехот од средното образование се добиваат согласно Конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии на студиските програми на универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје во учебната 2023/24 год.** Вкупниот добиен збир се множи со коефициент 0,6. По оваа основа може да се добијат најмногу 60 поени, а кандидатот освоил – **56,507 поени.** Пресметката на бодовите од проверката на знаењата и умеењата на кандидатите се врши на следниот начин: вреднувањето на успехот од тестот за склоност за студирање архитектура се врши со бодирање од 0 до 40 поени, проверката има елиминаторен карактер и НЕ се рангираат кандидатите кои добиле најмалку **15 поени**. На Тестот за утврдување склоност за студирање архитектура кандидатот освоил **8 поени** и се наоѓа на списокот на НЕРАНГИРАНИ под минимум поени.

Согласно горенаведеното, Конкурсната комисија утврди дека кај резултатите објавени во прелиминарната ранг листа НЕМА технички грешки во пресметаните поени од успехот од средното образование и Тестот за утврдување склоност за студирање архитектура.

Конкурсна комисија:
Проф. д-р Бојан Каранаков
Проф. д-р Александар Радевски
Вонр. проф. д-р Горан Мицковски

Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје
Република Северна Македонија
Архитектонски факултет Скопје